# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

02 декември 2019 | Излегува по потреба | Година XIV | број 18




e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНИТЕ ВО ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства за помош на настраданите во земјотресот во Република Албанија, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 02.12.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5066/1**
**од 02.12.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 02.12.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНИТЕ ВО ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба доделува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година за помош на настраданите во земјотресот во Република Албанија.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во вкупен износ до 300.000,00 денари, кои ќе се исплатат од средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година - АО - Совет на општина - 412110 - постојана резерва.

**Член 3**

Одобрените средства да се уплатат на соодветна донаторска сметка на надлежен државен орган.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5048/3**
**од 02.12.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за доделување на финансиски средства за помош на настраданите во земјотресот во Република Албанија ....................4

"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 18/19
33 седница

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци